**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-455/6**

**Скопје, 03.10.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за култура – средства од Буџетот на РМ - сметка за редовно работење, за 2005 година, кои се прикажани на страните 9 до 10.
2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.
3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за култура – средства од Буџетот на РМ - Финансирање на дејностите од областа на културата за 2003 година и е дадено негативно мислење.
4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Благој Стефановски, министер, од 01.11.2002 година
5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.
6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 29.05.2006 до 30.08.2006 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.
7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.
8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 26.09.2006 година под архивски број 455/5 примени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното:

    - Забелешката на Министерството за култура под точка 10.1.1. не се прифаќа поради недоставен дополнителен доказ за извршен инспекциски надзор кај единките корисници на министерството.
    - Забелешката дадена по точка 10.3.3 се прифаќа со тоа што констатацијата на ревизорот ќе се однесува за надоместоците исплатени на лицата по договор за дело од точка 10.3.2. во износ од 4,465 илјади денари.
    - Забелешките по точка 10.3.5. под реден број 1 алинеја 1 и 2 се прифаќаат имајќи ја во предвид специфичноста на дејноста од областа на културата која налага непредвидливи и итни набавки, додека забелешката под реден број 2 не се прифаќа поради неоснованост.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи на Министерството за култура ревизијата го констатира следното:

11.1. **Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.1.1. Ставката договорни услуги во Билансот на приходи и расходи не е реално и објективо прикажана во вкупен износ од 9,024 илјади денари за исплата на надоместоци за ангажирани надворешни соработници на единките корисници на министерството во износ од 7,063 илјади денари и исплата на закупнини на македонските културни центри во странство во износ од 1,961 илјади денари кои се исплатени на следниот начин:

- Исплатено преку Македонска авторска агенција со цесија за надоместок на надворешни соработници во Македонската филхармонија во вкупен износ од 900 илјади денари,
- На Македонската Опера и Балет во вкупен износ од 5,087 илјади денари од кои во износ од од 3,267 илјади денари платено е со цесии на Музичката младина на Македонија за надоместоци на хонорарно ангажирани лица и вработени лица во оваа институција а извршуваат работи за потребите на МОБ и во износ од 1,820 илјади денари исплатено преку Македонска авторска агенција исто за надворешни соработници,
- На Ансаблот Танец во вкупен износ од 1,029 илјади денари од кои 484 илјади денари им е исплатено на самофинансирачката сметка и во износ од 214 илјади денари на Музичката младина на РМ за надоместоци за

надворешни соработници,

- На Националната галерија на РМ на сметката за самофинансирачки активности за надворешни соработници во износ од 47 илјади денари.
- На Македонските културни центри во Њујорк во износ 32,770 УСА долари или 1,636 илјади денари и на Македонскиот културен центар во Софија во износ 5,250 УСД или 325 илјади денари.

Во текот на 2005 година не е извршена контрола над веродостојноста, и реалноста на горенаведените исплатени расходи на единките корисници од страна на одделенијата за инспекција и ревизија при министерството, поради што ревизијата изразува резерва во законското и наменско користење на истите.

Според укажувањата на одговорните лица во министерството ревизијата доби сознание дека наведените исплати се однесуват на надоместоци за дел од соработници во културата (претежно дефицитарни кадри) на кои не им е решен статусот на вработување во институциите од областа на културата а поради не добиена согласност од Министерството за финансии. Утврдениот статус на оваа категорија уметници кои се ангажирани согласно Законот за култура, (балетски, инструментални, играорци и сл.) ги доведува до нерамноправна положба во однос на другите вработени од областа на културата, и им оневозможува користење на правата од работен однос согласно Законот за работни односи и Законот за буџетите со кои би добиле бенифициран пензиски стаж и други права предвидени со закон.

**Препораки и мерки**

1. Министерството за култура да преземе активности за обезбедување на средства преку планирањето на буџетот во соодветната сметка за извршување на дејноста во рамките на Годишната програма. Министерот за култура да го регулира прашањето на исплата на ангажираните соработници на хонорарна работа во рамките на постојните законски прописи.

### 11.2. Неправилности во искажување на позициите на Билансот на состојба

11.2.1. Во извештајот од извршенит годишен попис на основните средства за 2005 година комисијата има констататирано кусок на 5 (пет) слики со вкупна набавна вредност од 312 илјади денари. Сликите се набавени во 2002 година но не е изготвен акт - Решение за давање на подароци или нивно отуѓување ниту од тогашниот министер ниту во годините што следат од новото одговорно лице и истите се појавуваат како кусок неколку години.

11.2.2. Ревизијата констатира дека Министерството за култура располага со вредни слики, скулптури и други уметнички дела кои не се целосно евидентирани во сметководствената евиденција, што е констатирано и од страна на пописната комисија поради не извршена проценка на истите. Во 2003 година за дел од овие дела е изготвена документација и истата е проценета и евидентирана во билансните позиции.

Горе посочените состојби имаат за ефект нереално и необјективно прикажани позиции на Матерјалните средства и Изворите на капитални средства во Билансот на состојба и можат да имаат за последица злоупотреба на опремата во државна сопственост.

**Препораки и мерки**

1. Да се изготви акт од Министерот врз основа на изготвените предлози од пописните комисии и истите да се спроведат во сметководствената евиденција.
2. Министерот да формира стручна комисија за додокументирање на сите останати уметнички и ликовни дела за кои не е изготвена документација, истата да се процени и да се заведе во сметкводствената евиденција.

### 11.3. Ненанеменско и незаконско користење на средствата

11.3.1. Врз основа на направени тестирања на финансиските трансакции и исплати преку благајната на министерството ревизијата констатира дека при исплатата на парични средства за службен пат во странство во сметководствената евиденција не се евидентираат побарувањата од лицата кои ги примиле средствата како дадени аванси, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Истата неправилност која е констатирана и со ревизорскиот извештај за 2003 година, не е отстранета до 2005 година иако советникот за финансии со писмен допис го има известено благајникот да ја напушти оваа пракса. Ваквата состојба има за последица необелоденување на фактичките побарувања во текот на годината при што не може да се утврди дали истите се затворени во законски предвидениот рок или е присутна појава на времено финансирање на лица.

11.3.2. Со увид во Правилникот за систематизација на работните места ревизијата констатира дека Секторите и одделенијата на министерството не се целосно пополнети со извршители. Ова има за последица едно лице да покрива и извршува работи на повеќе работни места што од друга страна ја доведува во прашање ефикасноста од неговата работа и ангажирање на надворешни лица по договор за дело. Согласно систематизацијата за нормално функционирање на министерството во 2005 година предвидени се 88 извршители а пополнета е со 44.

Поради ова Министерството за култура има ангажирано околу 19 надворешни лица по договор за дело кои извршуваат административно технички работи на систематизирани а непополнети работни места од Актот за систематизацијата на министерството. Ревизијата констатира дека иако министерството има недостаток на извршители во одделенијата за дејностите од културата кај државниот секратар се ангажирани тројца извршители по договор за дело за вршење на административно – технички работи за потребите на кабинетот спротивно на Правилникот за систематизација на работните места. Во 2005 година за надоместок на овие лица исплатени се вкупно 4,465 илјади денари преку Македонска авторска агенција. На дел од овие соработници им се исплатуваат патни трошоци за службени патувања. Исплатата на надоместоците на надворешни лица на овој начин, се спротивни на одредбите од Законот за работни односи, Законите за даноци и придонеси од плата, Законот за извршување на Буџетот на РМ и Законот за облигациони односи.

Според природата на извршените работи исплатите на надоместоци по договор за дело преку Македонска авторска агенција, согласно Законот за авторско право и сродните права, не преставуваат авторско дело. Ваквиот посреден начин на исплата преку авторска агенција има за последица помалку пресметан и платен персонален данок на доход, поради правото на одбивка за материјални трошоци од основицата за оданочување.

11.3.3. Со увид во наменското и законско користење на службените возила во сопственост на министерството, ревизијата констатира дека не е донесен интерен акт кој би го регулирал начинот на нивното користење во поглед на лицата кои ќе бидат задолжени со возилата, времето и начинот на нивното користење и слично. Поради ова ревизијата не беше во можност да утврди дали истите ѓи користат во согласност со Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средства во државна сопственост што тие ги користат и располагаат.

Во текот на 2005 година државниот секретар на Министерството за култура има земено возила за користење од други државни органи и тоа од Министерството за транспорт и врски - Ауди а-4 и од Националниот конзерваторски центар - Хонда, без добиена согласност од Владата на РМ, без потпишан договор, и без изготвен записник за прием на возилата (километража, состојба на возилото, и сл.) што е спротивно на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и има за последица незаконско користење на опремата во државна сопственост.

Ревизијата не можеше да се увери во објективноста на сметките за гориво поднесени за исплата од државниот секретар за горе посочените возила како и за возилата во сопственост на Министерството за култура во вкупен износ од 385 илјади денари од причини што поминатата километража која е доставувана не е потврдена и проверена од друго лице, а исплатата е без патен налог од кој би можело да се потврди дали возилото е користено за службени или приватни цели.

**Препораки и мерки**

1. Благајникот на министерството при исплатата на авансите за службени патувања да преземе обврска за изготвување соодветен документ (каса исплати) заради евидентирање на побарувањата во сметководствената евиденција.
2. Министерот да ја преиспита потребата од ангажирањата на надвореши лица по договор за дело и да преземе конкретни мерки и активности во соработка со Министерството за финансии за нивно редовно вработување и соодветно пополнување на упразнетите работните места во министерството согласно Актот за систематизација. Одговорните лица во министерството да ги почитувааат и правилно да го определат третманот на надоместоците за лица кои извршуваат задачи по договор за дело согласно одредбите од Законот за авторско право и сродните права и Законот за персонален данок на доход.
3. Да се донесе Правилник кој ќе го регулира начинот на ракување и користење на службените возила на министерството со што би се избегнале можните злоупотреби со истите, односно би се обезбедило грижливо и совесно ракување. Превземање на возила од други државни институции да се врши во согласност со Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

11.3.4. Со детални ревизорски постапки во примената на Законот за јавни набавки ревизијата го констатира следното:

1. Од увидот во Планот за јавни набавки за 2005 година и документацијата од спроведените јавни набавки ревизијата констатира дека спротивно на Законот за јавни набавки, според кој, набавувачот може да изврши набавка само еднаш во текот на годината за одреден вид или група на стоки, услуги и работи, во министерството се реализирани набавки од мала вредност од ист тип повеќепати во текот на годината. На овој начин се избегнува спроведување на друг вид на постапка и се оневозможува транспарентоста


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*
*Овластен Државен ревизор*
---------------------------------------

во спроведување на набавките и тоа на три набавки од мала вредност за резервни делови за компјутер и компјутерска опрема во вкупна вредност од 199 илјади денари и две набавки на компјутери, печатари и друго во иста година во вкупна вредност од 276 илјади денари.

2. Со постапка на преговарање спроведена е набавка за одбирање, средување и евидентирање на архивската граѓа на министерството за период од 1974-2002 година. Набавката е реализирана со Државниот архив на РМ како единствен понудувач на вакви услуги.
   Ревизијата констатира дека, министерството наместо да склучи Договор со Архивот, за кого од министерството за финансии има добиено согласност, склучило Авторски договор со Архивот и со група автори вработени во Архивот. Со овој договор на Архивот му се исплатени средства во износ од 34 илјади денари, а на лицата вработени од архивот преку Македонска Авторска агенција – исплатени се средства во износ од 123 илјади денари што е спротивно и на Законот за облигациони односи и на Законот за авторски и други сродни права. Ваквиот начин на работење им овозможува на вработените во Државниот архив на РМ да остварат дополнителни приходи иако за истата работа се редовно платени.

3. Изградбата на меморијалниот центар АСНОМ во с. Пелинце е иницирана по разгледаната Информација за изградба на Центар, на седница на Владата на РМ, и истата е усвоена со заклучок. На седницата е заклучено Центарот да го носи името меморијален центар АСНОМ и министерството во рок од два до три дена да распише конкурс за идејно решение за изградбата на Центарот, а останатите фази, поради итност на роковите да се спроведат со непосредна спогодба.

   Постапувајќи по заклучоците на Владата, за потребата за изградбата на Центарот, министерот донел решение јавната набавка да се изврши со постапка со преговарање, без претходно добиена согласност од Министрството за финансии - сектор за јавни набавки. Набавката со решение за избор на најповолен понудувач е реализирана со Друштвото за градежништво Бетон АД - Скопје и истиот ден е склучен Договор за градење со вкупна вредност од 120.000 илјади денари, што има за последица нетранспарентен избор на најповолен добавувач.

**Препораки и мерки**

1. Одреден вид или група на стоки, услуги или работи како набавки од мала вредност да ги спроведува еднаш во годината согласно членот 72 став 2 од Законот за јавни набавки.

2. Одговорните лица доследно да ги почитуваат одредбите од Законот за облигациони односи и на Законот за авторски и други сродни права.

3. Министерот за култура доследно да го применува законот за јавни набавки во сите фази при реализација на јавните набавки, со што ќе обезбеди транспарентност, еднаквост и конкурентност при изборот на вршителот на работата.

### 11.4. Слабости на финансиското раководење и известување

11.4.1. Ревизијата има обврска да обелодени дека од тековната резерва од разделот функција на државата исплатени се средства за хонорарни надоместоци во вкупен износ од 1,650 илјади денари, со Одлука на Влада на РМ , кои не се предвидени и исплатени од буџетот на сметката на дејностите во културата и тоа:

- На ,,Македонска опера и балет,,Скопје во вкупен износ од 1,250 илјади денари за реализација на програмски активности во вкупен износ 800 илјади денари исплатени на сметката на приходи од самофинансирачки активности и за ангажирање на надворешни соработници во балетски претстави кои се предвидени во годишната програма од национален интерес за 2005 година, во вкупен износ од 450 илјади денари исплатено преку Македонска авторска агенција,
- На ,,Музичка младина на Македонија,, за подмирување на хонорарните надоместоци на балетските уметници ангажирани во балетска представа во вкупен износ од 150 илјади денари,
- За специјализација на балетски играч на академија во ,,Киев –Украина во вкупен износ од 250 илјади денари преку Македонска авторска агенција.

Ревизијата не се увери во оправданоста во ваквиот начин на трошење на средства од резервите на државата бидејки истите можеле да бидат планирани со буџетот на соодветните единки корисници согласно Годишната програма на министерството.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1. и 11.2., финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за култура – средства од Буџетот на РМ - сметка за редовно работење на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1. и 11.3. кај Министерството за култура – средства од Буџетот на РМ - сметка за редовно работење остварено е наменско и законско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Со ревизија на финансиските извештаи за 2005 година кај Министерството за култура, средства од Буџетот на РМ – финансирање на дејностите од областа на културата, ревизијата констатира дека се превземени мерки и се отстранети неправилностите констатирани со ревизорскиот извештај за 2003 година освен за изнесеното во точка 11.3.1.

**Скопје, 02.10. 2006 година** **Овластен државен ревизор**



***ул: "Маршал Тито" - 12/3*** ***Овластен Државен ревизор***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:3211-262, факс3:126-311*** ---------------------------------------

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 129.085 | 88.118 |
| **Вкупно приходи** | **129.085** | **88.118** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 17.644 | 14.561 |
| Резерви и недефинирани расходи | 5.665 | 10.217 |
| Стоки и услуги | 34.752 | 22.212 |
| Субвенции и трансфери | 1.525 | 1.628 |
| **Вкупно тековни расходи** | **59.586** | **48.618** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 69.499 | 39.500 |
| **Вкупно капитални расходи** | **69.499** | **39.500** |
| **Отплата на главнина** | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **129.085** | **88.118** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 121 | 3 |
| Побарувања од вработените | 6 | 6 |
| Активни временски разграничувања | 58.657 | 110.582 |
| Аванси за капитални средства | 1.155 | 1.155 |
| **Вкупно тековни средства** | **59.939** | **111.746** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 379 | 513 |
| Материјални добра и природни богатства | 35.603 | 35.603 |
| Материјални средства | 84.057 | 84.615 |
| Материјални средства во подготовка | 120.127 | 35.071 |
| **Вкупно постојани средства** | **240.166** | **155.802** |
| **Вкупна актива** | **300.105** | **267.548** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.151 | 2.121 |
| Краткорочни финансиски обврски | 56.005 | 107.005 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 25 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1.506 | 1.435 |
| Пасивни временски разграничувања | 121.404 | 36.231 |
| **Вкупно тековни обврски** | **180.066** | **146.817** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 120.039 | 120.731 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **120.039** | **120.731** |
| **Извори на други средства** | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **300.105** | **267.548** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **120.731** | **-** | **120.731** |
| **Зголемување по основ на:** | **1.712** | **35** | **1.747** |
| Набавки | 1.712 | 35 | **1.747** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **(2.404)** | **(35)** | **(2.439)** |
| Отпис на ситен инвентар | | (35) | **(35)** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | (2.404) | | **(2.404)** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **120.039** | **-** | **120.039** |